# КАСКАДНА ОБУКА ЗА
# ПРИМЕНА НА ОПШТА КОГНИТИВНА ПРОГРАМА ЗА ТРЕТМАН НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

**2-3 април 2015 година, Штип**

Управата за извршување на санкциите во рамки на ИПА 2009 Проектот „Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица” започна со спроведување на каскадни обуки за примена на Општа когнитивна програма за третман на осудени лица, од кои првиот циклус на обуки се одржа на 2 и 3 април 2015 година во Хотел Оаза, Штип.



Обуката беше спроведена од страна на двајца обучувачи вработени во КПД Штип, кои претходно беа обучени од страна на врвни меѓународни консултанти ангажирани од страна на Советот на Европа со цел пренесување на стекнатите знаења и вештини за спроведување на оваа Програма.

На обуката присуствуваа вкупно 15 претставници од три казнено-поправни установи - Казнено-поправен дом Штип, Затвор Струмица и Затвор Гевгелија, со која беа опфатени сите вработени во секторот за ресоцијализација, но и вработени од останатите сектори кои имаат директен контакт со осудените лица.



Учесниците на обуката имаа можност да се запознаат со концептот на Програмата која има когнитивно-бихејвиорален пристап во третманот на осудените лица што претставува новитет во македонскиот затворски систем.